Почитувани,

Со особена чест и задоволство ве покануваме да присуствувате на **информативните** сесии што ги организира Канцеларијата за Креативна Европа при Министерството за култура и туризам во просториите **на „Europe House" во следниве градови**:

Струга – 18.11.2025 (12:00 – 14:00)

Крива Паланка – 19.11.2025 (12:00 – 14:00)

Скопје – 24.11.2025 (12:00 – 14:00)

Велес – 25.11.2025 (12:00 – 14:00)

Струмица – 26.11.2025 (12:00 – 14:00)

Битола – 2.12.2025 (13:00 – 15:00)

Тетово – 3.12.2025 (12:00 – 14:00)

Во текот на сесиите, Канцеларијата за Креативна Европа ќе ги информира присутните за актуелните и за претстојните повици на програмата „Креативна Европа" („Култура" и „МЕДИА"), а ќе обезбеди и практични насоки за процесот на аплицирање. По завршување на настанот, заинтересираните учесници ќе имаат можност за индивидуални консултации.

Настаните се од отворен карактер и се наменети за организации, уметници и професионалци од културниот, креативниот и филмскиот сектор, со цел да се поттикне нивна активна вклученост во европските проекти и да се унапреди нивниот професионален и институционален развој.

Во прилог ви ја доставуваме Програмата за информативните сесии. Јавноста ќе биде навремено информирана за последователните сесии преку ФБ профилот на Министерството за култура и туризам.

Повеќе информации за активностите на Канцаларијата и за програмата Креативна Европа може да најдете на веб-страница ced.mk и фесбук профилот на Канцеларијата: https://www.facebook.com/profile.php?id=61583678344518

Контакт: Наташа Димитриевскател: (02) 3207432,

емаил: natasha.dimitrievska@ced.mk; natasha.dimitrievska@gmail.com

Ви благодариме за соработката,

Канцеларија за Креативна Европа

Сектор за европски интеграции

Министерство за култура и туризам